Врз основа на член 172 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018“ и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021“), Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот во Тетово, се објавува

# К О Н К У Р С

за избор-реизбор на наставници во сите наставно-научни звања на Универзитетот во Тетово

Се објавува Конкурс за избор-реизбор на наставници во сите наставно-научни звања на Универзитетот во Тетово:

**ФАКУЛТЕТ НА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ**

1. Еден наставник во сите наставно-научни звања од областа на Кардиологија, Друго (30209, 30225 од класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација).

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Еден наставник во сите наставно-научни звања од областа на Педагогија и Дидактика (50500, 50501 од класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација).

**ФАКУЛТЕТ НА УМЕТНОСТИ**

1. Еден наставник во сите наставно-научни звања по стручно-уметнички предмети од областа на Цртање (60700 од класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација).
2. Еден наставник во сите наставно-научни звања по стручно-уметнички предмети од областа на Ранохристијанска уметност, Средновековна западна уметност, Средновековна византиска уметност, Средновековна национална уметност, Уметност на ренесансата – општа, Уметност на ренесансата – национална, Уметност на барокот – општа, Уметност на барокот - национална (60600, 60601, 60602, 60603, 60605, 60606, 60607, 60608 од класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација).

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Еден наставник во сите наставно-научни звања од областа на Биофизика, Атомска и молекуларна физика, Физика на цврста состојба (10303, 10302, 10308 од класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација).

**Услови за  наставно-научно звање доцент, вонреден и редовен професор:**

• одлука за избор во наставно-научно звање од компетентен орган, доколку има;
• диплома од завршени додипломски студии;
• диплома од завршени магистерски студии;
• диплома за научното звање доктор по науки од научната област во која се избира;
• кандидатите кои конкурираат треба да имаат континуитет во студиите од соодветната област;
• список за објавени научни и стручни трудови (по еден примерок од трудовите);
• кратка биографија (CV);
• да го приложи трудот од докторската дисертација;
• потврда за познавање странски јазик;
• познавање на албанскиот јазик – пишување и читање;
• извод од матичната книга на родените;
• уверение за државјанство.

**Услови за  наставно-научно звање по стручно-уметнички предмети доцент, вонреден, и редовен професор:**

• одлука за избор во наставно-научно звање од компетентен орган, доколку има;
• диплома за научното звање магистер по науки од научната област во која се избира;
• кандидатите кои конкурираат треба да имаат континуитет во студиите од соодветната област;
• список за објавени научни и стручни трудови (по еден примерок од трудовите);
• кратка биографија (CV);
• да го приложи магистерскиот труд;
• потврда за познавање странски јазик;
• познавање на албанскиот јазик – пишување и читање;
• извод од матичната книга на родените;
• уверение за државјанство.

*****Кандидатите треба да ги исполнуваат условите за избор во наставно-научни звања и наставно-научни звања по стручно-уметнички предмети предвидени со членовите 166 и 167 од Законот за високото образование.

*Пријавата со потребните документи кандидатите треба да ја достават во рок од 5 работни дена, од денот на објавувањето на Конкурсот, во Архивата при  Ректоратот на Универзитетот во Тетово, на адреса: Ректорат на Универзитет во Тетово, ул. Илинденска, б.б. Тетово.

**Универзитет во Тетово**